Соопштение за медиуми
18 јуни 2008

**Втора фаза на акцијата “Во прегратка на пријатели”**

# ПАЦИЕНТИТЕ СЕ ОХРАБРУВААТ ВО НИВНАТА БОРБА СО РАКОТ НА ДОЈКА

Акцијата “Во прегратка на пријатели”, чија цел е да им даде поддршка на сите жени во нивната истрајност против ракот на дојка, ги даде првите конкретни и мотивирачки резултати. Поддршката која беше пружена во првата фаза резултираше со охрабрување на жените кои успеале да го победат ракот на дојка лично да се вклучат, да ги споделат своите искуства, да дадат поддршка и прегратка и да помогнат на сите други жени да излезат како победници.

Денес започна втората фаза на оваа акција, во која за прв пат во улога на поддржувачи се јавуваат жени победници кои директно испраќаат охрабрувачки и мотивирачки пораки не само до пациентите, туку и до одговорните институции:

“Сфатив дека во животот човек мора да биде борец. Да не и се препушти на судбината, туку да се фати во костец со лошото и да верува во себе. Многу е важно пациентите да не се третираат како бројки, туку како лица на кои им е потребна помош и поддршка” - порачува Вера Златева, победник над ракот на дојка и претседател на Организацијата на жени на Општина Свети Николе.

Македонка Шурдовска од Скопје, исто така охрабрува со директна порака до секоја жена дијагностицираина со ракот на дојка: “Нашата енергија, желба и љубов претставуваат најсилно оружје против непријателот кој го знаеме, не го криеме и треба само на време да го пресретнеме и препознаеме”.

Покрај раната дијагноза, Борка во рамките на оваа акција се залага сите жени кај кои е дијагностицирана оваа болест да започнат на време со адекватен третман. Потребен е особено внимателен пристап кон пациентите бидејќи постојат различни видови на ова заболување, а при тоа и различни третмани за секој од нив.

Особено е важно да се искорени честата појава на недостаток од клучните лекови, а со тоа да се обезбеди навремен и редовен третман без одложување на последователните циклуси. Потенцираме дека на ни една жена не смее да и се скрати можноста за продолжување на животот. Нив им е потребна поддршка во борбата, а не дополнителен емоционален стрес.

Само со адекватна терапија, дадена на време, може да се извојува победа над ракот.

“Во прегратка на пријатели” вклучува и јавни личности кои со својата хуманост и општествена одговорност даваат директна поддршка и помош на дијагностицираните со ова заболување. Во исто време, тие се и гласот на пациентите, кои бараат вистински и навремен третман на сите жени на кои тоа им е потребно за да го победат ракот на дојка.

По Весна Петрушевска и Васил Зафирчев, кои беа првите поддржувачи на акцијата, во оваа фаза се приклучуваат и Ирена Спировска, Петар Младеновски и Амернис Нокшиќи. Тие учествуваат со сопствена приказна и сопствен придонес кон емоционалната поддршка.

”Бидете истрајни во борбата за да можете да ги гледате вашите деца како растат, за да можете да им се радувате” - мотивира Ирена Спировска.

“Преку ваквите активности сакаме да испратиме јасна порака дека ракот на дојка не смее да се перцепира како неизлечива болест и да ги охрабриме пациентите во нивната борба со ракот да извојуваат победа. Им благодариме на сите кои несебично ја помагаат оваа акција” - додаде Биба Додева, претседател на здружението Борка.

Акцијата продолжува и понатаму, а ќе финализира со нови поддржувачи и централен настан во октомври, светскиот месец за борба против ракот на дојка.







За секој нов ден,

Биба Додева
Претседател на Борка

Контакт: 02/3224 636, 075 396 142
info@borka.org.mk
www.borka.org.mk

Во прегратка на пријатели